НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ДО: МИНИСТЕРТСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ПРЕДЛОГ МЛАДИНСКА МЕРКА:

НАШИТЕ МЛАДИ СОЗДАВААТ ДОМА

ОКТОМВРИ, 2024

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

СОДРЖИНА

- ВОВЕД
- 1. ОПШТИ ЕЛЕМЕНТИ НА МЕРКАТА „НАШИТЕ МЛАДИ СОЗДАВААТ ДОМА“
- 2. ЕВРОПСКА ПРАКСА
- 3. УСЛОВИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ
- 4. ФИНАНСИРАЊЕ
- ЗАКЛУЧОК.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ВОВЕД

НАЦИОНАЛНОТО СТУДЕНТСКО ТЕЛО ВО СОРАБОТКА СО ИНСТИТУТОТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ, ЈА ПРЕЗЕМА ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДА ОДГОВОРИ НА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ, КОИ ПО ДИПЛОМИРАЊЕТО СЕ СООЧУВААТ СО НЕИЗВЕСНА ИДНИНА ВО ОДНОС НА КАРИЕРАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО. НАШАТА ЦЕЛ Е НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ДА ИМ ПОНУДИМЕ РЕШЕНИЈА КОИ ЌЕ ГИ МОТИВИРААТ МЛАДИТЕ ДА ОСТАНАТ, ДА РАЗВИВААТ НОВИ ИДЕИ И ДА ЈА ГРАДАТ СВОЈАТА ИДНИНА ТУКА, ВО МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА.

ПРОЕКТОТ „НАШИТЕ МЛАДИ СОЗДАВААТ ДОМА“ Е ИНИЦИЈАТИВА КОЈА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГО РЕШИ ГОРЛИВИОТ ПРОБЛЕМ НА ОДЛИВОТ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ ОД МАКЕДОНИЈА. СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО ГОЛЕМ ДЕЛ ОД ДИПЛОМЦИТЕ СЕ СООЧУВААТ СО НЕДОСТАТОК НА МОЖНОСТИ И БАРААТ ПОДОБРИ УСЛОВИ ВО СТРАНСТВО. ОВАА ПРОГРАМА ИМА ЗА ЗАДАЧА ДА СОЗДАДЕ АМБИЕНТ КАДЕ ШТО МЛАДИТЕ ЌЕ ГИ ВИДАТ СВОИТЕ ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ЗЕМЈАТА.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА, ПРОЕКТОТ ЌЕ ИМ ПОНУДИ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ ШАНСА ДА ГИ РЕАЛИЗИРААТ СВОИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ СОНИШТА ДОМА, НАМЕСТО ВО СТРАНСТВО.

САКАМЕ ДА ГО СТИМУЛИРАМЕ ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ ДУХ КАЈ МЛАДИТЕ И ДА ЈА ОЛЕСНИМЕ ТРАНЗИЦИЈАТА ОД СТУДЕНТИ ДО УСПЕШНИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ. СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ВО ВИД НА ВАУЧЕРИ ВО ВИСИНА ДО 10.000 ЕВРА, ОВАА МЕРКА ЌЕ ИМ ДАДЕ МОЖНОСТ НА МЛАДИТЕ ДА ОСНОВААТ БИЗНИС, СТАРТ АП, ДА ИНВЕСТИРААТ ВО СЕБЕ И СТЕКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИ ИЛИ, ПАК, ДА ГО ПРОДОЛЖАТ ОБРАЗОВАНИЕТО, КОИ СЕ ВАЖНИ АСПЕКТИ ЗА ДОЛГОРОЧНИОТ ЕКОНОМСКИ И ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ НА ЗЕМЈАТА.

СО УЧЕСТВО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА, ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ, И АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ ДОБИЕ СИЛНА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА.

ОКТОМВРИ, 2024

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

КАКО ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ, СМЕТАМЕ ДЕКА Е НАША ОДГОВОРНОСТ ДА СОЗДАДЕМЕ ПРОГРАМИ ШТО ЌЕ ИМ ПОМОГНАТ НА МЛАДИТЕ ДА ЈА ПРОНАЈДАТ СВОЈАТА ИДНИНА ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА.

ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ОЧЕКУВА ДА ГО ЗГОЛЕМИ НИВОТО НА ВРАБОТЕНОСТ, КРЕАТИВНОСТ И ИНОВАЦИИ ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО, А СО ТОА ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ДОЛГОРОЧЕН РАЗВОЈ И НАПРЕДОК НА НАШАТА ДРЖАВА И ЌЕ СТАВИ ФОКУС НА МЛАДИТЕ ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА.

ОКТОМВРИ, 2024

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

СТУДЕНТАРИЈА

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

1.ОПШТИ ЕЛЕМЕНТИ НА МЕРКАТА „НАШИТЕ МЛАДИ СОЗДАВААТ ДОМА“

СОГЛАСНО НАШАТА ИДЕЈА, ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ПРЕДЛАГАМЕ ДА БИДЕ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА. СМЕТАМЕ ДЕКА ЌЕ БИДЕ ПОТРЕБНО ФОРМИРАЊЕ ОДДЕЛЕНИЕ/КАНЦЕЛАРИЈА КОЈА ЌЕ БИДЕ ЗАДОЛЖЕНА ДА ЈА РАЗРАБОТИ И СТАВИ ВО ФУНКЦИОНАЛНОСТ МЕРКАТА. ПОРАДИ ПРИРОДАТА НА МЕРКАТА, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ЌЕ СОРАБОТУВА И ЌЕ БИДЕ ВРСКА, ПОКРАЈ СО СТУДЕНТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ, И СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, ФИТР, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА КАКО И СИТЕ ДРУГИ НАДЛЕЖНИ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ.

ЦЕЛТА Е ДАВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА МОЖНОСТ НА МЛАДИТЕ ПОКРАЈ ВРАБОТУВАЊЕТО ИЛИ ПАК ЗАМИНУВАЊЕТО НАДВОР ОД ЗЕМЈАТА. ОВА ЌЕ БИДЕ РЕАЛИЗИРАНО ПРЕКУ КОНКРЕТНА МЕРКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ ВО ВИСИНА ОД 10.000EUR, КОИ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ИСКОРИСТАТ ИСКЛУЧИВО ВО ДРЖАВАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС/СТАРТ АП И ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

СТУДЕНТАРИЈА

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ПОДЕТАЛНО, ВАУЧЕРИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ИСКОРИСТЕНИ ЗА:

1.ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС – ВО СОРАБОТКА СО АВРСМ;

ПРИ АПЛИКАЦИЈАТА, КАНЦЕЛАРИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА, ГИ УПАТУВА МЛАДИТЕ ВО АВРСМ, КОЈА Е ЗАДОЛЖЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАУЧЕРОТ. ВАУЧЕРОТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ МЕРКАТА НА АВРСМ, САМОВРАБОТУВАЊЕ (ПРЕТПРИЕМНИШТВО).

2.ОСНОВАЊЕ НА СТАРТ АП – ВО СОРАБОТКА СО ФИТР;

КАНЦЕЛАРИЈАТА ГИ УПАТУВА АПЛИКАНТИТЕ ВО ФИТР. ВАУЧЕРОТ ДА СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ ЈАВНИОТ КОНКУРС ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА ЗА КОФИНАНИСРАНИ ГРАНТОВИ ЗА НОВООСНОВАНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА „СТАРТ-АП“И „СПИН-ОФ“. ДА СЕ РАЗГЛЕДА МОЖНОСТА ЗА ЦЕЛОСНО ФИНАНСИРАЊЕ, НАМЕСТО КОФИНАНСИРАЊЕ.

3.ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СТЕКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ;

КАНЦЕЛАРИЈАТА ГИ УПАТУВА АПЛИКАНТИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА. МЛАДИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА ГО ИСКОРИСТАТ ВАУЧЕРОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ НА ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА ДРЖАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ, НО И ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВИСИНАТА НА ВАУЧЕРОТ ЌЕ БИДЕ ОДРЕДЕНА ВО ЗАВИСНОСТ ЗА КОЈ ЦИКЛУС НА СТУДИИ СЕ РАБОТИ.

2. ЕВРОПСКА ПРАКСА

ПРОГРАМИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИСИ ЗА МЛАДИ

ENTERPRISE IRELAND

COMPETITIVE START FUND (ИРСКА): ОВАА ПРОГРАМА Е НАСОЧЕНА КОН МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ КОИ САКААТ ДА ЗАПОЧНАТ СВОЈ БИЗНИС ВО ИРСКА. ПРОГРАМАТА НУДИ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ДО 50.000 ЕВРА ЗА МЛАДИТЕ КОИ РАЗВИВААТ ИНОВАТИВНИ БИЗНИС ИДЕИ. УЧЕСНИЦИТЕ ДОБИВААТ И МЕНТОРСТВО, ПОДДРШКА ВО РАСТОТ НА БИЗНИСОТ, КАКО И ПРИСТАП ДО ГЛОБАЛНАТА МРЕЖА НА ENTERPRISE IRELAND, ШТО ИМ ОВОЗМОЖУВА НА МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ ДА СТЕКНАТ МЕЃУНАРОДНИ КОНТАКТИ И ПАРТНЕРИ.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

YOUTH EMPLOYMENT INITIATIVE (ЕВРОПСКА УНИЈА):

ЕУ ИНИЦИЈАТИВАТА „YOUTH EMPLOYMENT INITIATIVE“ НУДИ ФИНАНСИСКА И ПРАКТИЧНА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИ ЛУЃЕ КОИ САКААТ ДА ОСНОВААТ СВОИ БИЗНИСИ. ВО РАМКИТЕ НА ОВАА ИНИЦИЈАТИВА, МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ ДОБИВААТ ПОМОШ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС, КАКО И ПРИСТАП ДО ФОНДОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО. ПРОГРАМАТА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГО НАМАЛИ МЛАДИНСКИОТ НЕВРАБОТЕНОСТ И ДА ПОТТИКНЕ ЕКОНОМСКИ РАСТ ПРЕКУ БИЗНИСИ ОСНОВАНИ ОД МЛАДИ.

ПРОГРАМИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА СТАРТ АП:

ЕСТОНИЈА – STARTUP ESTONIA:

ПРОГРАМАТА „STARTUP VISA“ ВО ЕСТОНИЈА ОВОЗМОЖУВА ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ И СТАРТАПИТЕ ОД СТРАНСТВО ДА ОСНОВААТ СВОЈ БИЗНИС ВО ЗЕМЈАТА СО ФИНАНСИСКА И ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА. ОВА Е МОДЕЛ КОЈ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ПРИВЛЕЧЕ МЛАДИ ИНОВАТОРИ И ПРЕТПРИЕМАЧИ ДА ЈА ГРАДАТ СВОЈАТА КАРИЕРА ВО ЕСТОНИЈА.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ГЕРМАНИЈА – EXIST ПРОГРАМАТА:

ГЕРМАНИЈА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА „EXIST“ ИМ НУДИ НА МЛАДИТЕ СТУДЕНТИ И ДИПЛОМЦИ МОЖНОСТ ДА ДОБИЈАТ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА СТАРТАПИ И ИНОВАЦИИ. ПРОГРАМАТА Е СОРАБОТНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА МЕЃУ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ШТО ОВОЗМОЖУВА ЕДНОСТАВНО ПРЕМИНУВАЊЕ ОД ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО.

ФРАНЦИЈА – FRENCH TECH TICKET:

ФРАНЦИЈА ПРЕКУ ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ПРИВЛЕКУВА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ СТАРТАП ТИМОВИ ДА ОСНОВААТ БИЗНИС ВО ЗЕМЈАТА, НУДЕЈЌИ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА. ОВАА ПРОГРАМА Е ФОКУСИРАНА НА ПРИВЛЕКУВАЊЕ ТАЛЕНТИ ОД СТРАНСТВО, ШТО Е СЛИЧНО НА НАШАТА ЦЕЛ ДА ГИ ВРАТИМЕ МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ.

СЛОВЕНИЈА – STARTUP SLOVENIA:

ПРОГРАМАТА ВО СЛОВЕНИЈА Е НАСОЧЕНА КОН МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ И ИНОВАТОРИ, КОИ ПРЕКУ ФОНДОВИ И МЕНТОРСТВО ИМААТ ПОДДРШКА ЗА ДА ОСНОВААТ СТАРТАПИ ИЛИ ПРОДОЛЖАТ СО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОБЛАСТА НА БИЗНИСОТ И ТЕХНОЛОГИЈАТА.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ГЕРМАНИЈА – EXIST ПРОГРАМАТА:

ГЕРМАНИЈА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА „EXIST“ ИМ НУДИ НА МЛАДИТЕ СТУДЕНТИ И ДИПЛОМЦИ МОЖНОСТ ДА ДОБИЈАТ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА СТАРТАПИ И ИНОВАЦИИ. ПРОГРАМАТА Е СОРАБОТНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА МЕЃУ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ШТО ОВОЗМОЖУВА ЕДНОСТАВНО ПРЕМИНУВАЊЕ ОД ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО.

ФРАНЦИЈА – FRENCH TECH TICKET:

ФРАНЦИЈА ПРЕКУ ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ПРИВЛЕКУВА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ СТАРТАП ТИМОВИ ДА ОСНОВААТ БИЗНИС ВО ЗЕМЈАТА, НУДЕЈЌИ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА. ОВАА ПРОГРАМА Е ФОКУСИРАНА НА ПРИВЛЕКУВАЊЕ ТАЛЕНТИ ОД СТРАНСТВО, ШТО Е СЛИЧНО НА НАШАТА ЦЕЛ ДА ГИ ВРАТИМЕ МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ.

СЛОВЕНИЈА – STARTUP SLOVENIA:

ПРОГРАМАТА ВО СЛОВЕНИЈА Е НАСОЧЕНА КОН МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ И ИНОВАТОРИ, КОИ ПРЕКУ ФОНДОВИ И МЕНТОРСТВО ИМААТ ПОДДРШКА ЗА ДА ОСНОВААТ СТАРТАПИ ИЛИ ПРОДОЛЖАТ СО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОБЛАСТА НА БИЗНИСОТ И ТЕХНОЛОГИЈАТА.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ПРОГРАМИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО (ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС)

ERASMUS+ (ЕВРОПСКА УНИЈА): ПРОГРАМАТА ERASMUS+ НЕ Е САМО ЗА РАЗМЕНА НА СТУДЕНТИ, ТУКУ ИСТО ТАКА НУДИ СТИПЕНДИИ ЗА МАГИСТЕРСКИ И ДОКТОРСКИ СТУДИИ НИЗ ЦЕЛА ЕВРОПА. ERASMUS MUNDUS JOINT MASTER DEGREES СЕ ПОСЕБНИ ДВЕГОДИШНИ МАГИСТЕРСКИ ПРОГРАМИ КОИ ГИ ФИНАНСИРА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ОВОЗМОЖУВАЈЌИ ИМ НА СТУДЕНТИТЕ ДА СТУДИРААТ НА ПОВЕЌЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО РАЗЛИЧНИ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ. ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ, ERASMUS+ НУДИ ГРАНТОВИ ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ И МОЖНОСТ ЗА МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ СО ЕВРОПСКИТЕ ИСТРАЖУВАЧКИ ИНСТИТУЦИИ.

DAAD SCHOLARSHIPS (ГЕРМАНИЈА): ГЕРМАНСКАТА СЛУЖБА ЗА АКАДЕМСКА РАЗМЕНА DAAD НУДИ СТИПЕНДИИ ЗА СТРАНСКИ СТУДЕНТИ КОИ САКААТ ДА ПРОДОЛЖАТ СО ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ВО ГЕРМАНИЈА. СТИПЕНДИИТЕ ГИ ПОКРИВААТ ТРОШОЦИТЕ ЗА ШКОЛУВАЊЕ, ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ, И ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ. ОВАА ПРОГРАМА Е ФОКУСИРАНА НА РАЗВИВАЊЕ АКАДЕМСКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ КАЈ МЛАДИТЕ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ТАЛЕНТИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

CHEVENING SCHOLARSHIPS (ВЕЛИКА БРИТАНИЈА): ОВАА ПРОГРАМА Е НАСОЧЕНА КОН ВИСОКОКВАЛИФИКУВАНИ СТУДЕНТИ КОИ САКААТ ДА ПРОДОЛЖАТ СО МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО. CHEVENING Е ЕДНА ОД НАЈПРЕСТИЖНИТЕ СТИПЕНДИСКИ ПРОГРАМИ И НУДИ ЦЕЛОСНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА СТУДИИ ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ, КАКО И МОЖНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ ГЛОБАЛНА МРЕЖА НА КОНТАКТИ ПРЕКУ СОРАБОТКИ СО УНИВЕРЗИТЕТИ И ИСТРАЖУВАЧКИ ИНСТИТУЦИИ.

3. УСЛОВИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

УСЛОВИТЕ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЌЕ БИДАТ СТРОГО ДЕФИНИРАНИ СОГЛАСНО ОНА ЗА ШТО ЌЕ БИДЕ ИСКОРИСТЕН ВАУЧЕРОТ. НАЈВАЖНО ОД СЕ Е ДЕКА МЕРКАТА ЌЕ БИДЕ ЗА МЛАДИ, ПА ЗАТОА АПЛИКАНТИ ДА МОЖАТ ДА БИДАТ ЛИЦА **ДО 29 ГОДИНИ. ИСТО ТАКА, СРЕДСТВАТА ИСКЛУЧИВО ЌЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ИСКОРИСТЕНИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА.**

ПОДЕТАЛНО, УСЛОВИТЕ ЌЕ БИДАТ ДЕФИНИРАНИ НА СЛЕДНИОТ НАЧИН:

1.ЗА ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС – ВО СОРАБОТКА СО АВРСМ – СОГЛАСНО УСЛОВИТЕ ВО МЕРКАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ(ПРЕТПРИЕМНИШТВО);

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

2.ОСНОВАЊЕ НА СТАРТ АП – ВО СОРАБОТКА СО ФИТР – СОГЛАСНО УСЛОВИТЕ ВО МЕРКАТА КОФИНАНИСРАНИ ГРАНТОВИ ЗА НОВООСНОВАНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА „СТАРТ-АП“И „СПИН-ОФ“;

3.ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – СОГЛАСНО УСЛОВИТЕ ПРИ АПЛИЦИРАЊЕ ЗА СТИПЕНДИИ НА ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ. ЗА ОНИЕ КОИ ЌЕ ГО ПРОДОЛЖАТ ОБРАЗОВАНИЕТО ТУКА, ДА СЕ РАЗГЛЕДА МОЖНОСТА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СТУДИИТЕ, ДА БИДАТ ОБВРЗАНИ ОДРЕДЕН ПЕРИОД ДА ОСТАНАТ ВО ЗЕМЈАТА (5 ГОДИНИ)?

4. ФИНАНСИРАЊЕ

СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕРКАТА „НАШИТЕ МЛАДИ ВО НАШАТА ЗЕМЈА“ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ПРЕКУ КОМБИНАЦИЈА НА СЛЕДНИВЕ ИЗВОРИ:

1.ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА ПОСТОЕЧКИ ФОНДОВИ

ДРЖАВАТА ВЕЌЕ ОДДЕЛУВА СРЕДСТВА ЗА ПРОГРАМИ ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ, ОСНОВАЊЕ СТАРТАПИ И ПОДДРШКА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ПРЕКУ МАЛ БРОЈ СТИПЕНДИИ ЗА ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ.

ПРЕРАСПРЕДЕЛБАТА НА ПОСТОЕЧКИТЕ СРЕДСТВА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРВ ЧЕКОР КОН ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОГРАМАТА. СЕПАК, СО ОГЛЕД НА ОЧЕКУВАНИОТ ПОГОЛЕМ БРОЈ АПЛИКАНТИ, ПРВИЧНИТЕ ФОНДОВИ ЌЕ ТРЕБА ДА СЕ ДОПОЛНАТ СО ДРУГИ ИЗВОРИ.

2. БУЏЕТСКО ФИНАНСИРАЊЕ

ВАЖЕН ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ МОЖЕ ДА БИДЕ ПРЕДВИДЕН ЗА ОВАА МЕРКА, СО ОГЛЕД НА ТОА ДЕКА ЗАДРЖУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ ВО ЗЕМЈАТА Е КЛУЧНА ДОЛГОРОЧНА ИНВЕСТИЦИЈА. ПРЕДЛОГОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВАУЧЕРИТЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ПРЕЗЕНТИРАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ КАКО ДЕЛ ОД ПЛАНОВИТЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.

3. ЕУ ФОНДОВИ И МЕЃУНАРОДНИ ДОНАТОРИ

ПРОГРАМИ КАКО HORIZON EUROPE ИЛИ ERASMUS+ МОЖАТ ДА ОБЕЗБЕДАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА СТАРТАПИ И ОБРАЗОВАНИЕ. МИНИСТЕРСТВАТА МОЖЕ ДА АПЛИЦИРААТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ГРАНТОВИ ОД ЕУ И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, КОИ ИМААТ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

5. КРЕДИТИРАЊЕ

ОВАА МЕРКА МОЖЕ ДА СЕ КРЕДИТИРА ПРЕКУ НЕКОЛКУ КАНАЛИ:

· КРЕДИТИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ, КАКО ШТО СЕ СВЕТСКАТА БАНКА, ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (ЕБОР), ИЛИ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИСКА БАНКА (ЕИБ). ОВИЕ КРЕДИТИ ЧЕСТО СЕ НАСОЧЕНИ КОН РАЗВОЈНИ ПРОЕКТИ И МОЖЕ ДА СЕ ПОВРЗАТ СО ЗАДРЖУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И РАЗВОЈОТ НА ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА.

· ВНАТРЕШНО КРЕДИТИРАЊЕ, КАДЕ ШТО ДРЖАВАТА ЌЕ ОБЕЗБЕДИ КРЕДИТНИ ЛИНИИ НА ДОЛГОРОЧНА ОСНОВА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ И СТАРТАПИ. ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА МОЖЕ ДА СЕ ПОВРАТАТ ПРЕКУ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ОД УСПЕШНИ БИЗНИСИ ШТО ЌЕ СЕ ФОРМИРААТ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ОВАА МЕРКА.

ЕДНА ОД ГЛАВНИТЕ **ПРЕДНОСТИ** НА ОВАА МЕРКА Е ТОА ШТО СРЕДСТВАТА СЕ ВЛОЖУВААТ ДИРЕКТНО ВО МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА. ОВА ЗНАЧИ ДЕКА:

- **ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМАТ СО ФОРМИРАЊЕ НОВИ БИЗНИСИ И ЗГОЛЕМЕНА ПОТРОШУВАЧКА НА УСЛУГИТЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ;**

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

- **УСПЕШНИТЕ СТАРТАПИ И НОВОФОРМИРАНИТЕ БИЗНИСИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРУГИ ЛУЃЕ, ШТО ЌЕ ЈА НАМАЛИ НЕВРАБОТЕНОСТА И ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМИ ВКУПНАТА ПРОДУКТИВНОСТ НА ЗЕМЈАТА (РАСТ НА БДП);**

- **ВРАТЕНИ КРЕДИТИ И ВАУЧЕРИ: ЗА МЛАДИТЕ КОИ ЌЕ ФОРМИРААТ УСПЕШНИ БИЗНИСИ, МОЖЕ ДА СЕ ВОВЕДЕ МЕХАНИЗАМ ЗА ДЕЛУМНО ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ПО УСПЕШЕН ПЕРИОД (НА ПРИМЕР, ПО 5 ГОДИНИ), ШТО ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМИ ЦИРКУЛАЦИЈАТА НА СРЕДСТВАТА ВО ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ.**

СО ОВИЕ ПРИСТАПИ, МЕРКАТА ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ И ДОЛГОРОЧЕН ПОВРАТ НА СРЕДСТВА ЗА ДРЖАВАТА, А ИСТОВРЕМЕНО ЌЕ ПОТТИКНЕ ЕКОНОМСКИ РАСТ И ЗАДРЖУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА.

ОКТОМВРИ, 2024

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ЗАКЛУЧОК

ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА СЕ СПРАВИ СО АКТУЕЛНИОТ ПРЕДИЗВИК НА ОДЛИВОТ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ ОД МАКЕДОНИЈА, СО ШТО СЕ ГУБИ ВРЕДЕН ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ. ПРЕКУ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА, ПРОЕКТОТ ЌЕ ИМ ПОНУДИ НА МЛАДИТЕ ДИПЛОМЦИ АЛТЕРНАТИВА ДА ОСНОВААТ БИЗНИСИ ИЛИ ПРОДОЛЖАТ СО СВОЕТО ОБРАЗОВАНИЕ, ДОДЕКА ОСТАНУВААТ ВО ЗЕМЈАТА.

ПРОГРАМАТА Е РАЗВИЕНА СО ПОДДРШКА НА ВАЖНИ ИНСТИТУЦИИ КАКО ШТО СЕ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА, ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ, И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА, СО ШТО СЕ СОЗДАВА ИНСТИТУЦИОНАЛНА МРЕЖА КОЈА ГИ ПОДДРЖУВА МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА АПЛИЦИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАУЧЕРИТЕ. ОВАА СОРАБОТКА ГАРАНТИРА ДЕКА МЕРКАТА ЌЕ БИДЕ ДОБРО КООРДИНИРАНА И СПРОВЕДЕНА.

ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ДО 10.000 ЕВРА, КОЈА МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ ЗА ОСНОВАЊЕ БИЗНИСИ ИЛИ ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ, НЕ САМО ШТО ЌЕ ГИ СТИМУЛИРА МЛАДИТЕ ДА ОСТАНАТ, ТУКУ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ И ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА ПРЕКУ СОЗДАВАЊЕ НОВИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗГОЛЕМЕНА ПРОДУКТИВНОСТ.

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТПЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

ОКТОМВРИ, 2024

ДОПОЛНИТЕЛНО, ЌЕ СЕ ПРЕДВИДИ ГОДИШНО РЕВИДИРАЊЕ НА МЕРКАТА ВО ДИЈАЛОГ СО МЛАДИТЕ, СО ЦЕЛ РАЗВИВАЊЕ НА ДРУГИ МОЖНОСТИ ЗА ВАУЧЕР СИСТЕМОТ ПРЕКУ ПРЕДЛОЗИ И FEEDBACK ЗА ПОДОБРА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ИСТАТА.

ПРОЕКТОТ Е ОСМИСЛЕН КАКО ДОЛГОРОЧНА ИНВЕСТИЦИЈА, СО ОЧЕКУВАЊЕ ДЕКА СОЗДАВАЊЕТО НОВИ БИЗНИСИ И ПОДДРШКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ЌЕ ДОНЕСЕ ПОВРАТНИ ЕФЕКТИ ЗА ДРЖАВАТА, КАКО ЗГОЛЕМЕНИ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНОСТА. СО ОВИЕ МЕРКИ, МАКЕДОНИЈА СЕ СТРЕМИ ДА ГИ ЗАДРЖИ МЛАДИТЕ И ДА ЈА ЗАСИЛИ ЕКОНОМСКАТА СТАБИЛНОСТ НА ЗЕМЈАТА.

СО ПОЧИТ,

НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТЛАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ